ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 ЗА ОПШТИНА РАДОВИШ ТЕТОВО ВАСИЛЕВО ВРАПЧИШТЕ КОНЧЕ МАВРОВО И РОСТУШЕ И ТЕАРЦЕ ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО ДПМНЕ

01 2018 04 07

**Скопје, март 2019**

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 6 |
| Финансиски извештај за приходите и расходите на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ | 7 |
| Основни политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 8 - 10 |
| - Основни политики | 10 -13 |
| - Финансиски извештај за приходите и расходите | 14 -15 |

Прилози:

Прилог 1

Кратенки користени во извештајот:

ААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:10-234/38

Дата: 08.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ, (во натамошниот текст Коалиција). Финансискиот извештај, предмет на ревизија го опфаќа периодот од 25.09.2017 до 19.09.2018 година.

За финансискиот извештај за приходите и расходите за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата констатирани се следните состојби:

- не е презентиран акт со кој ќе се утврди вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации;
- за потврдување на дел од евидентираните расходите за изборна кампања за локални избори 2017, не е доставена комплетна документација.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Истакнуваме дека констатираните состојби за кои одредени надлежни институции потребно е да преземат активности, се презентирани во точка 5 во извештајот за Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини предводена од ВМРО ДПМНЕ, како и состојбите за постоење на одредени неусогласености во Изборниот законик, презентирани во точка 6 во наведениот извештај.
Од страна на овластеното лице на Коалицијата, доставено е известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 16 заедно со ревизија на усогласеност на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ, кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 25.09.2017 до 19.09.2018 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.1. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ застапувана од:

- Д-р Христијан Мицкоски, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.2. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на учесникот во изборната кампања се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните

ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.“

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.10.2018 до 14.12.2018 година кај Коалицијата за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 27.12.2018 година.

Од страна на овластеното лице на Коалицијата, доставено е известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 10 – 234/17 од 07.03.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Коалицијата за спроведување на изборната кампања во 2017 година, согласно одредбите од Законот за облигациони односи склучила 32 договори за закуп на деловен простор за спроведување на изборните активности. Исто така со одлука од ноември 2016 година уредено е дека 72 објекти, како недвижен имот во сопственост на ВМРО ДПМНЕ, времено ќе бидат отстапени на користење на Коалицијата за потребите на изборната кампања.

На ревизијата не и беше презентиран акт со кој ќе се прецизира вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации. Поради наведеното, оневозможено е потврдување на висината на расходите за користење деловен простор со надомест, доколку за потребите на изборната кампања се користат и други објекти или на висината на донацијата за користење деловен простор доколку истите се користат без надомест.

Во текот на ревизијата од страна на ВМРО ДПМНЕ добиена е изјава со која се потврдува дека за време на изборната кампања за локални избори 2017 година, на Коалициите им се отстапени на користење 72 деловни простории сопственост на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, како и дека согласно склучените договори за закуп Коалициите користеле 32 деловни простори за спроведување на изборните активности.

**Препорака:**

Надлежните органи на партијата во иднина при организирање на избори да обезбедат акт за вкупниот број на објекти наменети за изборни штабови како и нивните седишта/локации.

### 3.2. Финансиски извештај

3.2.1. Коалицијата за спроведување на локални избори 2017 година, во финансискиот извештај има искажано вкупно расходи во износ од 3.761 илјади денари. Со извршената ревизија на искажаните расходи во финансискиот извештај ревизијата го констатира следното:

- за фактурите во износ од 156 илјади денари кои се однесуваат на медиумско претставување кај радиодифузерите на ревизијата не и беа презентирани медиа планови и извештаи за нивна реализација, поради што не бевме во можност да потврдиме дека податоците во фактурите се целосни и точни и се однесуваат за реално потрошено време за медиумско претставување на учесникот во изборната кампања (Прилог 1);

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Изборниот законик и влијаат на вистинитоста на расходите искажани во финансиски извештај и на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака:**
Надлежните органи на партијата во иднина при организирање на избори да обезбедат комплетна, уредна и веродостојна документација за искажаните расходи.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.1. и 3.2. е отсуство на акт за утврдување на вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, нивните седишта/локации, како и евидентирање и плаќање на фактури без доставена комплетна, уредна и веродостојна поткрепувачка документација.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештај**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точката 3.2., финансискиот извештај за приходите и расходите на Коалиција за локални избори 2017 за општина Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ за периодот 25.09.2017 до 19.09.2018 година, го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. и 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај за приходите и расходите на Коалиција за локални избори 2017 за општината Радовиш, Тетово, Василево, Врапчиште, Конче, Маврово и Ростуше и Теарце, предводена од ВМРО ДПМНЕ,

се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет**

Истакнуваме дека констатираните состојби кои имаат влијание врз финансиските извештаи на Коалицијата, а за кои одредени надлежни институции потребно е да преземат активности се презентирани во точка 5 во извештајот за Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини предводена од ВМРО ДПМНЕ.

5.1. За спроведените локални избори 2017 година искажани се неподмирени обврски во износ од 743 илјади денари. Во договорот за заедничко настапување не се предвидени одредби кој и како ќе го врши плаќањето на неплатените обврски, по затварањето на изборните сметки.

Исто така ревизијата укажува дека во Изборниот законик не се предвидени одредби за начинот на плаќање на неплатените обврски, по затварањето на изборните сметки, додека во член 85 став 5 предвидено е дека учесникот во изборната кампања на група избирачи, вишокот од собраните средства треба да ги подари во добротворни цели.

5.2. Ревизијата изврши корекција на податоците искажани во вкупниот финансиски извештај кај расходите, односно истите се зголемени за 743 илјади денари.

**6. Останати прашања**

Истакнуваме дека констатираните состојби за постоење на одредени неусогласености во Изборниот законик се содржани во точка 6 во извештајот за Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини предводена од ВМРО ДПМНЕ.

КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 ЗА ОПШТИНА РАДОВИШ ТЕТОВО ВАСИЛЕВО ВРАПЧИШТЕ КОНЧЕ МАВРОВО И РОСТУШЕ И ТЕАРЦЕ ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО ДПМНЕ

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **25.09.2017 - 19.09.2018** |
|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | |
| Останати приходи | 3.1.1. | 3.018 |
| **Вкупно приходи** | | **3.018** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Расходи од останати приходи** | **3.2.** | |
| Потрошени материјали | 3.2.1. | 9 |
| Издатоци за реклами и пропаганда | 3.2.2. | 2.941 |
| Сметководтсвени услуги | 3.2.3. | 11 |
| Изнајмување на простор и опрема | 3.2.4. | 30 |
| Провизија за платен промет | 3.2.5. | 10 |
| Други расходи | 3.2.6. | 760 |
| **Вкупно расходи од останати приходи** | | **3.761** |
| | | |
| **Вкупно непокриени расходи** | | **(743)** |